

Australian Government
Department of Health and Aged Care

# Што треба да направите за да се подготвите за преминување на Support at Home

**Како што е наведено во писмото во кое се даваат информации како да се подготвите за програмата Support at Home, има низа активности кои Министерството за здравство и Services Australia ги преземаат во ваше име. Во следната листа за проверка се наведени чекорите што може да ги направите за да се подготвите за промената.**

| Активност | Рок | Каде да се најдат повеќе информации | Извршено |
|---|---|---|---|
| Дознајте повеќе за програмата Support at Home. | Материјали достапни сега | Посетете ја веб-страницата на My Aged Care: **www.myagedcare.gov.au**<br>Информациите вклучуваат:<br>• информативни листови<br>• *Програма Support at Home - Брошура за постари луѓе, семејства и негуватели.*<br>Информации може да побарате и од вашиот давател на услуги. | ☐ |

| **Активност** | **Рок** | **Каде да се најдат повеќе информации** | **Извршено** |
|---|---|---|---|
| Дознајте повеќе за цените и придонесите за Support at Home. | Материјали достапни сега | Видете ја програмата Support at Home - Брошура за постари луѓе, семејства и негуватели. За цените може да разговарате со вашиот давател на услуги кога ќе преминете на Support at Home.<br><br>На веб-страницата на My Aged Care наскоро ќе биде достапна алатка за пресметување на цени, за да ги процените цените што би можеле да ги плаќате за Support at Home. | ☐ |
| Очекувајте вашиот давател на услуги да контактира со вас заради преразгледување на вашиот план на нега и за склучување на нов Service Agreement (Договор за услуги) (сега познат како Home Care Agreement (Договор за домашна нега)). | Од април/мај 2025 | Можете да контактирате со Older Persons Advocacy Network [Мрежа за застапување на постари лица] за информации за Вашите права и за да побарате застапник што ќе Ви дава поддршка.<br><br>Јавете се на **1800 700 600** или видете на **www.opan.org.au**. | ☐ |
| Разговарајте со вашиот давател на услуги ако сакате вашите непотрошени средства да ги користите за купување на помошна технологија или домашни преправки.<br><br>Тоа може да биде дел од вашата дискусија за Service Agreement. | Од април/мај 2025 | Информации за Assistive Technology and Home Modifications Scheme [Пограмата за помошна технологија и домашни преправки] се достапни на веб-страницата на министерството (**www.health.gov.au**)<br><br>Информации може да побарате и од вашиот давател на услуги. | ☐ |
| Ако сега плаќате Income Tested Care Fees [цени за нега врз основа на тестот на приходи], Services Australia ќе ве извести за вашата стапка на придонес за Support at Home.<br><br>Можеби ќе треба да дадете информации за вашите приходи и имоти. | Од 1-ви јули 2025 | Вие, вашиот застапник за коресподенција и давателот на услуги ќе добиете писмо од Services Australia.<br><br>Посетете ја веб страницата My Aged Care за да дознаете за заштитата на корисници и што да правите ако не можете да ги платите цените за нега на стари лица. | ☐ |

Видете **„Каде да побарам одговори ако имам прашања?“** за дополнителна помош за извршување на овие активности.

DT0004816 0325